**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1003-280/5***
***Скопје 19/06/2008 година***

**ДО**
**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај на Центарот за управување со кризи за 2007 година (во натамошниот текст Центарот), сметка за примена донација, кој е прикажан на страна 3.

2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансискиот извештај на Центарот за 2006 година, на сметката за примена донација, како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

   ✓ Панде Лазаревски, директор на Центарот за управување со кризи

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 17/04/2008 до 17/04/2008 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   ✓ дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   ✓ дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.



***Овластен државен ревизор***

__________________________

8. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансискиот извештај е ослободен од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансискиот извештај и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба на Центарот за управување со кризи за 2007 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2007 година.

11. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи.

.

**Скопје, 18.06.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| **Трансфери и донации** | | |
| Донации од странство | 1,947 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **1,947** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1,947 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,947** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **1,947** | **0** |